| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Разговор за шумските животни |
| **Содржина на денот** | Погоди кој сум? |
| **Возраст** | Од 3-4 |
| **Воспитувач** | Мр. Сања Алексоска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Започнете го денот со разговор за хигиената на устата и четкањето на забите. При тоа рутината можете да ја направите во забавна активност со „гаргарење“ на вода. Нека ве скокотка во грлото, а на тој начин го поттикнувате „вагус“ нервот кој предизвикува пријатна состојба во организмот. |
| **Активности** | Разговарајте за шумските животни и за тоа што прават тие во зима. Опишувајте ги нивните карактеристики додека разговарате. Можете да употребите соодветни звуци од шумски животни и да слушате со детето „кој како се јавува“. Додека слушате звуци од животните можете да се растегнувате во некои од предложените вежби (слика 2).<br>Започнете ја играта „Погоди кој сум?“ Од Вашите играчки издвојте една мека коцка или пак можете сами да ја направите од картон (слика 3). На секоја страна залепете по една сликичка од шумско животно (како на сликите 5 и 6).<br>Фрлајте ја коцката наизменично со Вашето дете. Според сликата која ќе ви се погоди, имитирајте го соодветното движење на животното. Поттикнете го детето да покаже и како се јавува конкретното животно. Играта трае се додека има интерес за учество. |